**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

Врз основа на член 457, 459, 460 и член 460-а од Законот за трговски Друштва, Собранието на седницата одржана на ден 12. 09. 2015 година, со вкупно ________ гласови ЗА што претставува мнозинство од гласовите на сите акционери кои немаат интерес во зделката донесе

О Д Л У К А

ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

I

Се одобрува склучување и реализација на зделка со заинтересирана страна на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како заинтересирана страна и тоа Договор за заем, Договор за деловна соработка за купопродажба на репроматеријали и Договор за деловна соработка за купопродажба на производи од програмата на ФЗЦ, кои се составен дел на оваа Одлука.

Кумулативната вкупна вредност на меѓусебно поврзаните зделки изнесува 1.100.000.000 денари.

II

Се утврдува дека заинтересирана страна во зделката е Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово кое поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас и Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово.

Се утврдува дека страните во зделката се Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово и Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово.

Се утврдува дека предмет на зделката со заинтересирана страна се Договорот за заем, Договорот за деловна соработка за купопродажба на репроматеријали и Договорот за деловна соработка за купопродажба на производи од програмата на ФЗЦ кои се составен дел на овој договор.

Се утврдува дека наведените меѓусебно поврзани зделки како зделка со заинтересирана страна се со вкупен износ од 1.100.000.000 денари што е над 2% од книговодствената вредност на имотот на друштвото според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото и надминува 10% од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото заради што е потребно мислење од овластен ревизор и според одредбите на ЗТД потпаѓа под правилата за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

Се утврдува дека за наведената зделка има Извештај за ангажман за разумно уверување во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани согласно Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.

Со утврдува дека согласно член 459 од ЗТД Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас го извести Одборот на

директори дека согласно член 457 од ЗТД има статус на заинтересирана страна во предложената зделка.

III

Се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа Одлука огласно одредбите на Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.

Се овластува и задолжува, Извршниот директор при Одборот на дирктори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО, да ги склучи и да ги реализира договорите по правосилноста на оваа Одлука.

IV

Оваа Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна и склучување и реализација на договорите, влегува во сила со денот на донесувањето.

12.09.2015 ПРЕТСЕДАВАЧ,

КУМАНОВО ------------------------